СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Десеттото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 март 1994 година

Скопје, март 1994 година

**ДИСКУТАНТИ НА X-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 70-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 1 МАРТ 1994 г.**

1. АБДИ ФАИК – 14
2. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 162.
3. ЗИБЕРИ НАСЕР – 13
4. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ – 10, 12
5. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ – 4, 5, 7
6. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 15
7. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 9
8. МИЛЕНКОВСКИ МАРИН - 14
9. МИНОВ ПАНЧО - 18
10. ПОПОВСКИ ВЛАДИМИР - 16
11. ПЕТРОВ ТОДОР - 19
12. РАХИМИ ШУКРИ - 8
13. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 1
14. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 1
15. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 7, 8
16. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 9
17. ЏЕМАИЛИ ВЕБИ – 17, 18

1. Закон за царински тарифи

2 август – национален или државен празник?

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Десеттото продолжение на 70-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 март 1994 година

Седницата се одржа во продолжение на конститутивната седница на Пратеничката група на Република Македонија на Интерпарламентарната унија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, потпретседателите на Собранието да си ги завземат своите места и да продолжиме со работа по 70-та седница.

Молам службите да ми дадат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 81 пратеник.

Според тоа констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Во меѓувреме да се повикаат претставниците на Владата за законот за измени на Законот за царински тарифи.

Да ве потсетам дека го заклучивме претресот по текстот на Предлогот на закон за утврдување на официјален државен празник на Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам, пред да го обавиме гласањето господин Стоиле Стојков сака да објасни веројатно како ќе гласа и зошто.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Ја користам Деловничката можност да го искажам начинот на кој ќе гласам, или нема да гласам, или ќе бидам воздржан. Искористувајќи ја Деловничката одредба би сакал пред да се гласа за еден несомнено значаен закон, со кој треба да се утврди официјален национален празник

на македонската нација и држава, според моето согледување, а не официјален државен празник, според Предлог законот веднаш ќе изјавам дека за овој закон нема да гласам ни за, ни против ниту ќе бидам воздржан од следните причини.

(Уфрлување на некои пратеници)

Дали е за некого голема или мала, за мене е голема работа.

Прво, со решение на Првото заседание на АСНОМ одржано во Македонскиот манастир Св. Отец Прохор Пчински на ден Илинден, Втори август 1944 година, како сврзувачка компонента на двата илиндена прогласен е Втори август, Илинден за национален празник на македонскиот народ и држава. Цитирам член 1 "Илинден Втори август се прогласува за Народен државен празник на Македонскиот народ и македонската држава како симбол на сите негови борби за неговото конечно ослободување од вековното ропство итн. итн."

Бидејќи на сите добронамерни и учени и помалку учени им е познато дека звакичната бивша Југословенска наука имаше воспоставено терминологија, а во РМ изгледа дека се уште е, единствена непозната во светската наука, па така меѓународно - правниот прифатен термин "национално малцинство" што често се употребува терминот "народност односно националност". Затоа во Бивша Југославија ерес беше да се каже дека постои македонска нација, Хрватска нација или српска нација, туку се употребуваше терминот народ, а се протежираше југословенска нација, нешто што навистина не постои.

Второ, дел од македонската нација сега живее во својата сопствена целосно независна држава, држава матична која се вика РМ, сакале вие тоа да го признаете или не.

Трето, во писмото на македонскиот научен институт испратено на 7 март 1945 година од Софија до НОФ на Македонија во Скопје меѓу другото стои само еден поглед врз историјата на Македонија, врз

нејзините борби и стремежи, врз нејзините географски особености и столански интереси, врз балканската стгварност и најпосле врз настаните што се случија во последно време пред нашите очи сето тоа е доволно да ни покаже дека Македонија духовно, географски, политички, стопански и национално е една неделква целина. " Понатаму Македонскиот научен институт бара единство на Македонија и македонската нација и продолжува "нашето место е времено , колку што ни дозволуваат силите да ја извршуваме улогата на идната МАНУ " . Ова го цитирам затоа што овде бевме упатени да се обратиме до МАНУ да ни објасни што е тоа национален а што е државен празник.

Затоа господа пратеници пред се од СДС, Либералната партија и Социјалистичката партија јас сум загрижен за иднината за македонската нација. Кога вие соработувајќи со албанска шовинистичка парти ПДП сте на иста линија дека на РМ и на македонската нација не и потребен национален празник. Еден единствен, како што е Илинден 2 август. И после 50 години од АСНОМ, и после 120 години и повеќе од осознавањето за посебност на македонскиот народ односно нација вие со ставањето на ноеви главите во песок исто мислите и со бугарските, српските, албанските и посебно со грчките шовинисти дека РМ е мулти етничка, а не пред се држава матица на македонската нација. Правна држава, држава на рамноправни граѓани во нивните индивидуални права. Со недифинирање на македонски национален празни туку само државен ја застапувате тезата една нација повеќе држави, без разлика дали доаѓа од Албанија, Бугарија или Србија. И затоа кога ќе гласате и јас ќе си излезам од оваа сала сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господо го користам правото исто така да се произнесам за оваа точка од дневниот ред и да истакнам дека јавно ќе протестирам  и ќе ја напуштам седницата бидејќи нема да го носи називот национален празник на РМ. Еве го моето образложение

Откако влеговме во овој македонски Парламент посебно од коалицијата која стапи со новата Влада во РМ постојано се врши атак врз националното битие на македонскиот народ и македонскта нација во целост, и во секој поглед и во секој случај се прават напори да се обезличи оваа нација и оваа држава да стане некој конгломерат во стилот, да речеме на една Австралија, во стилот на други познати светки држави , кои сепак и покрај сето тоа се мулти етнички мулти национални и имаат свои национални фирми, свои национални празници итн. Да почекаме со нов ред.

Уште со донесувањето со Уставот се провна поимот"народност" иако со сите меѓународни конвенции и сите меѓународни спогодби каде што се третира прашањето за националните малцинства децидно стои, може секој да ги погледа и да види дека е тоа така.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:** (продолжение)

Се вметна поимот "народност" во Република Македонија. Тоа е прв чекор за правење на една вештачка држава на Балканот. Покрај тој поим наместо поранешното братство и единство во поранешна Југославија кај нас се вметна сличен поим сожителство. Тоа нема никаква врска со стварноста, а поготово во Уставот на РМ да се стави таков не дефиниран поим, кој нема никаква врска со стварноста. Она што треба да потекнува од правата дражва и правните норми кои треба да владеат во РМ.

Одиме понатаму . Кога требаше да се донесе законот за народна одбрана за обезбедување на границите на РМ како суверена држава, повторно се вметна поимот Армија на РМ наместо македонска армија. Споредете го Армија на РМ со Македонската академија на науките и уметностите. По таа логика ние треба да донесеме нов закон или не знам какав друга одлука или заклучок пред МАНУ треба да стои нешто друго слично со АРМ. Академија на науката и уметностите на Република Македонија, без тоа "М" напред.

Исто така кога беше на материјална расправа Законот за македонското државјанство за кое ние инсистиравме секоја држава има свое државјанство, да спомнам децидно Американско државјанство, грчко државјанство, францусќо државјанство и аналогно на тоа требаше таа посесивност да се изрази кај нас како македонско државјанство, ние направивме повторно државјанство на РМ, пак нова кованица.

Сакам да укажам дека се прават игри со сите дипломатски претставништва во овој Парламент што се правеа, отидовме толку далеку што оваа Република Македонија која и со Уставот ја именуваме така, повторно беше воведен нов поим бивша југословенска Република Македонија, Тоа е се арсенал на поими кои ги измисли коалиционата Влада и на чело со актерите кои играа во оваа нечесна игра и денеска

повторно наместо национален празник ни нудат државен празник во Република Македонија. Повторно обезличување на македонскиот народ и македонската нација.

Јас не сакам да се согласам со ваквите ставови и никогаш нема да ги прифатам и сигурен сум доколку на наредните избори победи ВМРО-ДПМНЕ со некоја коалициона партија на ревизија ќе бидат поставени сите овие поими и сите овие закони каде се третира ваква материја и вакво прашање. Затоа демонстративно уште сега ќе го напуштам Парламентот и нема да гласам за таков закон. (реакции од место)

Секој има право да си каже што сака, говорницата е за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стефковски, а Вие напуштете ја говорницата

Ве молам.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам напуштете ја говорницата збор има господинот Стефковски. Господине Котевски еднаш научете се во ова Собрание дека Вие не давате збор никому. Вие немате право да давате збор, веднаш напуштете ја говорницата.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Вие немате поим од демократија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете сега кажете го своето сфаќање за демократијата. Повелете, јас Вам Ви го зедов зборот. Напуштете ја говорницата, Ве молам, господине Стефковски повелете овде.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Не ме плашите со тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како Вас ќе Ве уплаши човек, јас не Ве плашам, само сакам да не му го одземете зборот на оној кој треба да дојде да каже овде во согласност со Деловникот со правата што ги стекнал. На ист начин на изборно место се кандидирал и едниот и другиот пратеник. Граѓаните гласале и за едни и за други, како може еден да не му дава на друг да зборува, господа. Тоа е невозможно. Седете си таму мирно.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници , во случајов со Предлогот на законот за утврдување државен празник на РМ имаме едно типично ретирање од предлагачот на законот, со други зборови ние веќе немаме предмет што да расправаме затоа што овој закон ваков каков што е не е целосен и не ја решава материјата во духот на Уставот. Се ќе беше во ред ако имавме закон со кој официјален национален празник би се утврдил 2 Август. Оној момент кога предлагачот со својот амандман го избриша зборот "национален" и го внесе зборот "државен" веќе имаме нова ситуација. Оттука овој закон штос е предлага сега треба да има малку поинаква судбина, со други зборови овој закон треба да ја каже судбината на законот за државните празници кој е од 1960-1965 и 1972 година. Имаме сосема кова ситуација. Оттука треба и предлагачот на одреден начин да се прилагоди на постојниот правен систем и да го дополни законот со одредби за престанок на ..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие треба да кажете како ќе гласате и зошто?

II/4.-

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Оттука имаме нецелосен Предлог на закон кој не може да биде предмет на гласање од пратениците во овој Парламент.

Со други зборови, ние денеска, можете да погледате сите дека како национален празник во Европа, во државите, се утврдува со одреден настан од историјата на било кој народ. Еве имам покана за утре во Клубот на пратениците во која пишува по случај националниот празник на Бугарија 3 март. Тоа е национален празник, тоа е оддомаќинето во односите на државата и оттука сметам дека овој закон на господинот Петров треба да го носи атрибутот национален, а како нецелосен треба да го повлече од поставка. Јас ќе бидам во салата, но нема да учествувам во гласањето.

**ШУКРИ РАХИМИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани колеги. Сметам дека овде некој работи не се поставуваат како што треба. Овде се бара да се одреди државен празник за меѓународна соработка на нашата Република. Со признавањето на Македонија треба и тој датум да се одреди и да се претставува нашата држава во таа меѓународна соработка. Сега се поставува прашањето зошто токму 2 Август? Видете, на тој датум кој ги поседува сите атрибути и на црковен празник и на национален празник и на државен празник, сметаме дека е најпогоден датум за едно такво решение и еден таков закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не отвораме претрес само како ќе гласате и зошто ќе гласате?

**ШУКРИ РАХИМИ:**

Затоа што на 2 Август Свети Илија веќе се знае 1903 година, беше Востанието и тоа е како национален празник. 2 Август 1944 година се

II/5.-

поставуваат темелите на државата и станува државен празник. Ете од овие причини реков дека треба да се усвои тоа, а сето ова што претходните говорници рекоа овде не држи и треба да го усвоиме тој датум и да го доставиме за да можат луѓето да ни го честитаат тој празник.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници. Сакам да кажам зошто не го подржувам и нема да гласам за овој закон затоа што немам овластување од моите бирачи да гласам за предавство на македонската националност и затоа ќе ја напуштам салата и нема да го поддржам иако е исто што велите Вие дека е државно исто, зошто тогаш во Бивша Југославија имавме 6 републики, 6 држави, а 5 нацки. Зошто Босна кога е држава и нација не беше призната за нација - туку само за држава. Тоа значи овде се води една таква кампања за да не падне коалицијата и да се зачува главата на Владата и претседателството и се оди против волјата на македонската националност. Нека Ви е честито, изберете го тоа, но јас Ви велам го доведуваме младото македонско потекло, младата македонска нација наместо да ги расчистуваме досегашните натрупани проблеми ние уште веднаш му создаваме нови проблеми кои не можат никогаш да ги разрешат.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Еве јас ќе бидам краток така што нема воопшто потреба да се секирате, во истиот контекст како и претходните дискутанти и јас сакам да образложам зошто ќе гласам против атрибутот - државен празник, а во полза на национален празник. Од едноставни причини затоа што сметам дека овој македонски народ има и треба да има свој национален празник кој денеска Вие господа од Естаблишментот во коалиција со вашите албански собраќа сакате да го анулирате.

II/6.-

Во таа смисла сакам да го истакнам следното дека овде од истава говорница господинот Веби Џемаили рече дека Македонија не може да има свој национален празник затоа што и албанците учествувале и во Илинден и во НОБ, што воопшто не е спорно, учествувале господа, но од другата страна на барикадите и сигурно не во интерес на македонската кауза. Како припадници на турскиот башибозлук во Илинден и Баликомбатар во НОБ. Затоа ќе гласам против атрибутот државен празник на РМ.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, искористувајќи го деловничкото право сакам да се изјаснам околу Предлог законот за официјален државен празник како ќе гласам. Ќе бидам воздржан од следните причини:

Јас сум за официјален национален празник нешто што секоја нормална држава го има, а ние го имаме Илинден 2 Август. Може да биде само национален празник на македонската нација. Тоа беше првото.

Второ, попуштајќи пред уцените и заканите изречени од страна на шовинистите од Пратеничката група на албанците-ПДП, парламентарното мнозинство составено до пратеници на Социјал демократскиот сојуз, Либералната партија и Социјалистичката партија преоѓа и против такви инсинуации изречени од оваа говорница дека Питу Гули бил албанец ме загрижува што, пред се, пратеникот од Социјал демократскиот сојуз избран во Крушево господинот Марин Миленковски не реагираше на едно вакво искривување на фактите дека Питу Гули бил влав и војвода на македонската револуција, војвода на чета.

Читајќи го сценариото од филмот "Република во пламен", го најдов и следното, кое не го кажа пратеникот Веби Џемаили. Никола Карев му се обраќа на Питу Гули со следните зборови. Слушни ме Питу, мој брате влав. Знаеш ли што ќе се случи во 1994 година во независна македонска

II/7.-

држава во нејзиниот парламент ќе тврди еден новокомпониран албанец - пратеник дека ти Питу си албанец, а не горд православен влав. Ме тера да црвенеам од срам што другите пратеници социјал демократи нема да реагираат на оваа инсинуација, а знаеш дека Вие власите секогаш рамо до рамо со македонците во борбата за слобода и независност на нашата татковина Македонија сте се бореле.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Бидејќи сите ќе се искажат како ќе гласаме за овој закон исто така и јас ќе кажам дека би гласал за овој закон односно за овој датум 2 Август затоа што и во временска дистанца односно историски момент сметам дека тогаш учествувале граѓани во Илинденското востание со нивна национална и верска припадност и тоа е еден континуитет во оваа историја и денеска оваа Македонија ја има истата структура на граѓани со нивна национална и верска припадност и без разлика колку Вие со емоции или без емоции, без факти , со аргументи, без аргументи ние навистина мораме да признаеме денеска дека Македонија е многу национална и тогаш била многу национална, па затоа никаква случајност и тогаш не било тоа што учествувале граѓани од разна верска и национална припадност.

Исто така ме радува што тогаш немало луѓе во истото востание што учествувале за слободна Македонија да речеме денешна Македонија, веројатно имале такви идеали, сите тие граѓани со нивна национална и верска припадност, но ме радува и тоа што тогаш веројатно немало луѓе каков што е господинот Ковачевски шовинисти, - тој не нарече шовинисти...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте поединечни напади.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Тој е самиот најголем шовинист, Ве молам, тоа ќе го кажам и сто пати ако сакам. Затоа што тој кажа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Лични напади не треба.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Тоа не е лична навреда кога се обраќа на една парламентарна група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам продолжете , Вие треба да кажете како ќе гласате.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ќе кажам, нормално ќе гласам за, но не за празник кој ќе биде предложен од еден шовинист каков што е господинот Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Човек кој се бори за своите национални права не е националист и друг пат да не го слушнам тоа.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Претседателот на Собранието добро е што се обиде и го прекина пратеникот Исмет Рамадани при неговата дискусија, но коректно ќе беше истото да го направеше и кај претходниот дискутант кој веќе ја отвори истата тема за која сите сме свесни дека не му доликува. Затоа го молам претседателот на Собранието ... .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете , Вие добивте збор да кажете како ќе гласате, немојте сега така. Ве молам, овде не се расправа за претседателот на Собранието. ; Господине Зибери држете се и Вие за деловникот. Добивте збор да кажете како ќе гласате и зошто така ќе гласате. Само тоа. Повелете образложете и се ќе биде во ред.

II/9.-

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Дозволете ми да се изјаснам , токму заради тоа им се дозволува на пратениците цела една пратеничка група ја оквалификуваат како шовинисти, националисти и не знам што. Тоа е ваша должност да ги насочувате дискусиите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете, зборувајте само за тоа за што ви дадов збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Добро, доколку немате трпение да ме ислушате, јас ќе ја напуштам говорницата, но молам да бидете принципиелни и да имате ист став кон сите пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие не баравте деловничка интервенција, туку да образложите како ќе гласате. Секој нека се држи за правото што го добил овде.

**ФАИК АБДИ:**

Господа пратеници, јас ќе гласам за овој закон онака како што е предложен со исправката на г-динот наш млад колега, заради тоа што знаеме дека на 2 Август 1944 година граѓаните на Република Македонија, се разбира во најголем број Македонците да не говорам за другите, да не говорам за моите братучеди, кои што дадода се од себе за оваа држава, би сакал овој празник да е државен и да го чувствуваме сите граѓани дека е наш државен празник, си-те подеднакво да го прославуваме, а не тоа да биде привилегија на некого. Верувам дека Македонците ќе им се налутат на своите пратеници, затоа што не е овој празник национален. Тоа е срамота да се каже од оваа говорница. Јас ги молам пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, знам дека програмата им е таква, малку национална итн., но мислам дека треба да се разбудат од тоа, од тој да не речам незгоден сон. Овој празник треба да бидеме горди на нех^о, да го прифатиме овој празник и не само некој од надвор само да ни го честита. Ние самите да си го честитаме.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Јас сакам да се изјаснам дека ќе гласам за овој закон од следните причини. Ние како пратеници на ова Собрание мислам се уште го немаме надминато Крушевскиот манифест, затоа што во Крушевскиот манифест кога се бореле луѓето не се двоеле ни на Власи, ни на Албанци, ни на Македонци, туку се бореле заедно. Истото тоа го правеле и во Народноослободителната борба и мислам недостојно е од пратениците овде што ги двојат луѓето хероите кои загинале за борба на македонскиот народ, а ние овдека ги двоиме што се по националност и кому - како припаѓале. Тие заедно припаѓале на целиот македонски

народ. И мислам дека не треба да ги двоиме што биле по националност. Питу Гули е и Влав и Македонец и Албанец и се, затоа што го признава РМ како нејзин народен херој кој загинал за борба на Македонија.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници,

Мене во определувањето при гласањето посебно ме интересираше после расправата и прифаќањето на Амандманот, ставот на Владата. По мое длабоко убедување јас сакам и ќе гласам, ќе останам на ставот на Владата, која вели дека не треба да се прифати овој Предлог на закон, туку треба и овој празник да се третира како дел од законот за државни празници на РМ што за мене е најисправно.

Инаку, моето лично мислење е дека 2 Август од секогаш и секогаш е доживуван и ќе се доживува како национален празник на македонскиот народ и најголем државен празник на РМ заради конститутивните елементи што ги имаат самите настани на 2 Август. Според тоа, мислам дека се поминува во една дискусија која да речам, е слепа пред фактот дека и едниот и другиот аспект на тој празник мора да се почитува. Прашање е дали вие во правната терминологија, можеме како во француското право да ги изедначуваме поимите на националност и на државност. Тоа е основното прашање. Инаку двата аспекта на тој празник во секој случај мора да се оцртаат и во одлуката на постојниот тој празник, односно во законот за тој празник.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

За жал обични работи што се подразбираат во врска со оваа расправа добиваат подруго значење, но тоа не може да се игнорира со оглед на политичката димензија, затоа јас и покрај тоа што и понатаму лично сум убеден дека формулацијата официјален државен празник на РМ го покрива и националното, дека се подразбира дека воедно е национален празник на македонскиот народ, со оглед на некои образложенија на владеачките партии, како македонските и на пратениците од Партијата на албанското малцинство, сепак сметам се јавуваат нови моменти, кои што не ја оспоруваат суштината на толкувањето, туку го доведуваат во прашање времето, како фактор дали токму сега во ваква ситуација на вакви образложувања и поларизација е добро денес да се расправа. Затоа излегов да кажам дека го менувам ставот во делот на мојата одлука, а не во делот на сопственото толкување. Останувам на претходните дискусии, но нема да гласам денес за донесување на закон. Предлагам на предлагачот да го повлече, да се даде време да се согледаат сите аспекти на ова прашање.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници,

Јас само ќе кажам накусо еден коментар во врска со расправата во врска со овој Предлог на закон. Постанува малку и апсурдна целата оваа ситуација, имено би сакал да биде јасно за целокупната македонска јавност дека станува збор за Предлог на закон поднесен од г-динот Тодор Петров. Не станува збор за закон поднесен од коалицијата, или од Владата, мислам на некој пратеник од коалиционите партнери, со кој амандман дури и г-дино Петров се согласи кој што се трансформира дека

2 Август треба да биде од национален во државен празник. Сега ми се поставува прашањето дали г-Динот Тодор Петров е помалку со овој закон во делот  на опозицијата, или г-динот Тодор Петров е помалку кој што држи за своето национално достоинство со прифаќањето на еден амандман, со кој што националниот празник се трансформира во државен празник како што се подразбира и во дел на аргументацијата со г-динот Голубовски се согласувам дека тоа е скоро исто. Според тоа, мислам дека за разлика од него кој што остана достоинствен, неговите опозициони сојузници кои што во голем дел го поддржуваат, направија од расправата една најобична фарса. Сега мислам дека се доведуваме навистина во еден апсурд господата пратеници од албанската националност се за 2 Август и за прогласување на тој светол историски датум од македонската историја за државен празник а добар дел од опозицијата, од македонскиот дел е против овој празник, односно државотворен празник 2 Август.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Господа пратеници јас и минатиот пат реков дека овој празник е државен празник и како државен така ќе гласам, само поради една вистина која останува вистина, морам да ви прочитам еден документ пред јавноста, пред сите дека Питу Гули е навистина Албанец по татко, а по мајка Влаинка. Од биографијата објавена...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Каква врска има тоа?

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Во бугарските документи може секој кој сака да го провери.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не намеравам воопшто, тоа не ми е задача.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

И нашето учество во 2 Август...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Објаснете како ќе гласате, тоа е доволно.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

И нашите учествуваа од 1941 до 1945 година, Македонија да биде заедничка држава на сите граѓани. Затоа ние сите мислиме ова да не биде национален празник, туку да биде државен празник. А јас ќе гласам 2 Август да биде државен празник на сите граѓани на РМ.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас за овој Предлог на закон нема да гласам од неколку причини.

Првата причина е што предлагач на истиот закон не е Владата, нормално во никој случај не потценувајќи го инаку мојот ценет колега Тодор Петров, мислам дека според природата на овој закон,истиот треба да биде издржано проучен изанализиран и предложен од овластениот предлагач компетентен, како што е Владата.

Понатаму, втората причина по мене е таа што јас како граѓанин, како Македонец од секогаш и за секогаш за мене Илинден ќе биде државен, а во исто време и национален празник. Изјаснувајќи го тоа мислам дека и со тоа го делам мислењето на најголем дел на граѓани на РМ. Самиот факт што ваквиот предлог предложен од пратеникот Тодор Петров изврши такво поларизирање на Парламентот што изврши такви поделби на пратеничките групи и меѓу пратениците в Парламентот, што предизвика и такви тешки зборови, зависно од гласањето дека ќе се работи за некакво вештачко национално предавство итн., мислам дека и тој факт е во прилог на тоа дека овој закон не ја погодил својата цел и затоа не треба да се гласа.

Трета причина за мене најбитна, овој Предлог на закон е како таков предложен и е уште еден доказ дека и понатаму се оптоварува со вакви прашања и со вакви дискусии во овој Парламент, а не се дозволува со тоа да се расправа по точки од дневен ред, како што е Законот за царинската тарифа, кој цело граѓанство го чувствува и многу стопански субјекти од тоа живеат и им значи егзистенција, практични и ефикасни работи кој на крајот на краиштата што е единствена обврска да ги расправа овој Парламент, а не вака во недоглед вештачки јалови расправи.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Не го предложив законот како претставник на опозицијата, или како претставник на коалицијата, туку како овластен предлагач утврден со Уставот. Сепак нека ни служи на чест на сите што едно чисто прашање од државотворен карактер го исполитизиравме до несфатливи размери. Гледам дека одделни пратенички групи, меѓу нив на Либералната

партија, на ВМРО-ДПМНЕ, на ВМРО-ДП, одделни независни пратеници, во последен момент се повлекуваат од изјаснувањето по еден ваков, за мене, државотворен акт. Не сакајќи да ја преземам одговорноста, а гледајќи го расположението на поголем дел пратеници во Парламентот, без понатаму да се политизира ова прашање, предложениот закон го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да видиме дали дошол претставник на Владата. Тие поднесоа амандман овде. (нема).

Тогаш утре во 10,00 часот ќе продолжиме.

(Седницата заврши во 17,00 часот).